

# Commonwealth Respite & Carelink Centre / CarerLinks North Програми за стари лица

## Водич за услугите на Commonwealth Respite & Carelink Centre / CarerLinks North за негуватели на лица постари од 65 години (или негуватели на лица со медицинска состојба во врска со стареењето, како што е деменција)

### Commonwealth Respite & Carelink Centre / CarerLinks North e:

- Под покровителство на Merri Community Health Services (порано Moreland Community Health Service)
- Работи во северното градско подрачје од 1997 година и е базиран во Престон
- Покрива седум подрачја на локална управа: Даребин, Бањуле, Ниламбик, Витлси, Јара, Морленд и Хјум  - освен Санбери (само програми за ментално здравје)

### Програми за стари лица

- Програмите за стари лица на Commonwealth Respite & Carelink Centre/ се финансирани од викториската и федералната влада
- Финансирањето има за цел на негувателите да им пружи низа флексибилни можности за починка (respite)
- Финансирањето има за цел да обезбеди образование и обука на негувателите за прашања на деменцијата
- Тимот за стари лица е составен од водач на тимот, работници за поддршка на негуватели и работник за развој на заедницата-деменција.

### Услуги на располагање на негувателите

#### 1. Тим за информации и реагирање

#### Услугите што ги дава тимот за информации и реагирање вклучуваат:

- Информации за можности за починка на негуватели, вклучувајќи итна починка (emergency respite)
- Телефонска процена врз основа на утврдени потреби на негувателот
- Флексибилно финансирање на починката и други релевантни услуги
- Емоционална поддршка на негуватели
- Координирање на упати за релевантни услуги
- Информации за резиденцијална починка, вклучувајќи итна починка.

#### 2. Состаноци лице в лице

- Им се нудат на негуватели кои може да имаат корист од средба со вработен во службата, заради подетална дискусија за упатни информации
- Може да бидат корисни за негуватели на кои им требаат општи информации за починката, кои неодамна станале негуватели и/или кои сакаат да разговараат за емоционалните последици на улогата на негувател
- По состанок лице в лице, негувателот може да биде упатен на работник за поддршка на негуватели.

Merri Community Health Services

CarerLinks North

## 3. Работници за поддршка на негуватели

Работат со негувателите:

- За да проценат каква поддршка им е потребна на негувателите за да им се помогне во нивната улога
- За да пружат информации за услуги во заедницата
- За да дојдат до финансиски средства за организирање на починка и други релеватни видови поддршка
- За да одговорат на краткорочни емоционални и практични потреби од поддршка
- За да пружат краткорочна поддршка преку советување
- За да ги упатат и поврзат старателите со низа служби.

Причините за упатување на работник за поддршка на негуватели вклучуваат:

- Висок степен на стрес
- Негуватели кои се изолирани, со ограничена или без никаква поддршка
- Кризни ситуации во кои здравјето на негувателот може да е загрозено
- Добрите односи и/или семејниот систем се во опасност од распаѓање
- Претставување на семејни прашања вклучувајќи тешкотии со поставувањето граници и конфликти, тешкотии во комуницирањето со службите и/или членовите на семејството
- Помош за краткорочна координација на услуги.

## 4. Работник за развој на заедницата – деменција

- Може да ги аранжира обуката и образованието на негуватели на лица со деменција
- Моментално спроведува проект во врска со распространетоста и услугите за негуватели на лица кај кои деменцијата настапила порано (дијагностицирана пред 65 години старост).

## Видови починка (respite)

- Починка дома – кога на негувателот може да му треба поддршка дома во врска со корисникот на нега
- Починка надвор од дома – кога работник за починка го придружува корисникот на нега при излегување или некоја активност
- Починка во објект – кога корисникот на нега престојува во објект за нега на стари лица. Оваа починка може да биде за кус престој во објект во „стил на колиба“ како што е Kilby House или долгорочна починка во објект за нега на стари лица од низок или висок степен
- Групни активности кои ја поддржуваат добросостојбата на негувателот
- Образовни програми/конференции – делумно финансирање на курсови релевантни за негувателската улога
- Помош околу превозот – на пример, такси ваучери, билети за јавен превоз (ограничена достапност)
- Активности за здравје и добросостојба на негуватели, како што се терапевтска масажа, јога, медитација.

## Процес на упатување

Ве молиме стапете во контакт со тимот за информирање и реагирање по телефон или по е-пошта.

Даватели на услуги треба да пополнат SCTT формулар, вклучувајќи го 'Part B' на негувателскиот формулар за упатување (Carer referral form).

## Како да стапите во контакт со Commonwealth Respite and Carelink Centre/ CarerLinks North

Вие може да стапите во контакт со службата по телефон, факс или е-пошта:

Телефон: 1800 052 222 или (03) 9495 2500

Факс: 9495 2599

По работно време: 1800 052 222

Е-пошта: clnintakeworkers@mchs.org.au

Интернет страница: www.mchs.org.au

## Работно време:

Понеделник до петок од 9.00 наутро до 5.00 попладне

Исто така е на располагање служба за реагирање по работно време.

Merri Community Health Services

CarerLinks North

Објавено во август 2010
За повеќе информации или ако ви треба состанок, јавете се на Merri Community Health Services.
www.mchs.org.au